


Cross Border Cooperation

# ПРИДРУЖЕТЕ НИ СЕ!

## во РАЗВОЈОТ, ПРОМОЦИЈАТА И ПРЕТСТАВУВАЊЕТО на нашиот ПРЕКРАСЕН РЕГИОН „ШАРА“ во СВЕТОТ

Проект:
Поттикнување на руралниот
и еколошкиот туризам
преку паметни
туристички информативни центри / FRET-STIC

European Union Kosovo

Проект имплементиран од
ЦеПроСАРД,
RDA SOUTH
и Општина Тетово



European Union Kosovo

Оваа брошура е изготвена со помош на Европската Унија во Косово. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на ЦеПроСАРД и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија во Косово.

'Земјите членки на Европската Унија, одлучија да ги поврзуваат своите знаења, ресурси и судбини. Тие заедно изградија зона на стабилност, демократија и одржлив развој, притоа задржувајќи ја културолошката разновидност, толеранцијата и индивидуалните слободи. Европската Унија е посветена на споделување на своите достигнувања и вредности со земјите и народите вон своите граници'.

# ЗА ПРОЕКТОТ FRET-STIC

ОПШТАТА ЦЕЛ НА ПРОЕКТОТ е развој, промоција и презентација на локалниот и регионалниот туризам, преку иновативни пристапи и системи за подобрување на руралното и еколошкото искуство.

СПЕЦИФИЧНИ ЦЕЛИ се:

- Воспоставување на вмрежени, паметни туристички информативни центри (STIC-ови), кои можат да собираат, користат и создаваат информации за туристичките потенцијали во регионот на Шара;
- Подобро разбирање и презентација на туристичките потенцијали на прекуграничниот регион, со употреба на современи е-системи и меѓусебна соработка.

Локација на STIC во Тетово:
КП бр. 1796, Тетово - 1
Локација на STIC во Превала, Призрен:
P-71813012-02375-12 Горње Село



STIC



GROUND FLOOR, LEVEL ±0,00 M= 1:100



SECTION 1-1 M= 1:100



SECTION 2-2 M= 1:100



FRONT FACADE M= 1:100



SIDE FACADE 1 M= 1:100



# ЦЕЛНИ ГРУПИ И КРАЈНИ КОРИСНИЦИ

**Клучните целни групи и крајни корисници** ги вклучуваат туристичките информаивни центри, локалните власти, агенциите за регионален развој, агенциите за туризам и култура, малите и средните претпријатија, кластерите за туризам, економските комори, граѓанските организации.

Како се поврзани?

- Постоечките **Туристички информативни центри** (TIC-ови) се надградуваат во паметни (Smart) TIC-ови (STIC-ови) преку воведување генерички бизнис процеси кои овозможуваат подобрени услуги за клиентите, а во исто време и собирање податоци од човечката интеракција. Центрите во целниот регион се вмрежени преку STIC платформа која овозможува услуги во вид на информации за туристите преку автоматски инфо деск (AID) и човечка интеракција. Платформата овозможува размена на информации помеѓу STIC-овите во однос на преференциите на туриститие и целокупните туристички трендови, а во исто време го снабдува со информации и туристичкиот информативен систем (TIS) со цел подобрена деловна интелигенција.

- **Локалните власти** се зајакнати со информации и знаења за да поддржат опкружување за развој на туризмот. Проектот FRET-STIC им обезбедува алатки со кои им се им помога на приватните лица, при што се градат односи на взаемна доверба и реалистични очекувања. На крајот, зголемениот број на туристи и зајакнатиот туристички сектор, придонесуваат кон поодржлив, инклузивен и балансиран економски развој на регионот.

- **Регионалните институции, агенциите за туризам и култура,** слично како и локалните власти ги добиваат неопходните релевантни информации за планирање и поддршка на регионалниот развој. Придобивките на ЦРППР се состојат во тоа што преку платформите ќе го снабдува својот TIS со дополнителни релевантни податоци. Придобивките се и уште повеќе од взаемни, бидејќи релевантноста на информациите и знаењето обезбедено преку TIS се подобрува истовремено со зголемувањето на обезбедените податоци.

- **Малите и средните претпријатија (МСП)** добиваат ажурирани информации генерирани преку TIS и STIC платформата за најновите туристички барања за прекуграничниот регион. На сличен начин, **стартапите** и **индивидуалните претприемачи** можат да идентификуваат нови деловни можности. Како такви, тие имаат можност да ги зајакнат своите капацитети и да се ангажираат стратешки во креирање продукти, да ги прошируваат своите пазари и да придонесуваат кон зголемен деловен промет.

- **Бизнисите, кластерите и коморите** во прекуграничниот регион имаат можност да се вмрежуваат меѓусебно и со институциите, да градат нови партнерства кои водат кон создавање нови бизнис иницијативи, а ќе ги поддржуваат и постоечките.

- **Граѓанските организации** можат да имаат придобивки преку новите знаења креирани преку сите овие системи, во однос на информациите кои стануваат достапни за истражувања, подготовка на проекти и иницијативи, а кои ќе придонесат за туристичката индустрија и општеството преку бројни аспекти, како на пр. подготовка на наставни програми, родова еднаквост, социјална инклузија, итн.

## ВКЛУЧЕТЕ СЕ ВО РАЗВОЈОТ, ПРОМОЦИЈАТА И ПРЕТСТАВУВАЊЕТО НА НАШИОТ ПРЕКРАСЕН РЕГИОН НА СВЕТОТ

**Вашата општина, регион, бизнис, организација, асоцијација е неизоставен дел од сложувалката.**

**Мејл:** info@rdcpolog.mk

## ПРОЕКТНИ РЕЗУЛТАТИ

1. Вмрежени, паметни туристички информативни центри (STIC-ови) поврзани со заедничка платформа базирана на стандардизирани бизнис процеси и на постојни концепти за туристички информациски системи (TIS);

2. Бизнис процеси дизајнирани за ефективно и ефикасно опслужување на туристите преку STIC-овите, како и за собирање податоци за нивното однесување и преференции. Обучен персонал за работа во STIC-овите од двете страни на регионот;

3. Креирана дигитална матрица на мапираната туристичка инфраструктура и настани во регионот на Шара, вклучувајќи означени/неозначени пешачки патеки, сигнализација, сместување, ресторани, други значајни туристички локалитети и настани. Дигиталната матрица ќе биде користена на итер-регионалната туристичка онлајн платформа (iTOP) за создавање туристички производи за прекуграничниот регион;

4. Подготвени материјали со содржина со која ќе се промовира прекуграничниот туризам во регионот на Шара;

5. Обучен пресонал од туристичките информативни центри, за паметно опслужување/собирање податоци за преференциите на туристите, како и за туристичките продукти креирани од матрицата.



## АКТИВНОСТИ

Проектот е дизајниран на начин кој овозможува прибирање податоци за потенцијалите во прекуграничниот регион на иновативни начини. Тој вклучува **ДВЕ ЦЕНТРАЛНИ** групи на активности кои создаваат „технолошко нарушување“.

**Првата, за начинот на кој туристите се информираат и се донесуваат одлуки во прекуграничниот регион.**
Вклучува воспоставување а нови или „ре-дизајнирани“ туристички информативни центри - TIC-ови, во паметни (smart) TIC-ови. Се работи за пристап „оддолу - нагоре“ и вклучува: консултантство и дизајн на централизирана платформа - рбетот на STIC-от, идентификација на просторно соодветни локации за STIC, изградба на едноставни објекти, поставување на кориснички интерфејс и канали за комуникација, обука на вклучените чинители за „back-end“и „front-end“ употреба на системот.

**Втората, за начинот на кој се дизајнираат, презентираат и нудат туристичките продукти.**
Вклучува креирање на матрица со настани и места од интерес за туристите, од сите видови, кои потоа се интегрираат и ја хранат Интер-регионалната туристичка платформа (iTOP)

Погоре споменатите две групи на активности содржат клучни, комплементарни суб-активности неопходни за успешна реализација на активноста, како што е креирање на стратегија преку широки консултации и координација, вмрежување и експанзија на вредности синџири и програм за обучување за јавните институции за користење на новите пакет-алатки, како и нивно запознавање со новите бизнис процеси.

## ИМПЛЕМЕНТАЦИЈАТА НА ПРОЕКТОТ Е ОРГАНИЗИРАНА ВО ПЕТ ГРУПИ НА АКТИВНОСТИ

### Кластер на активности 1: Воспоставување на вмрежени паметни туристички информативни центри (STIC-ови) со одредени бизнис процеси

- Активност 1.1 - Просторно позиционирање и изградба на два STIC-ови - во Тетово и Призрен, и трансформација на 2 TIC-а во паметни (Smart) TIC-ови - на Попова Шапка и Призрен

Општините градат мрежа од STIC-ови кои нудат една значајна услуга на локално ниво; обезбедуваат информации за посетителите на регионот „Шара“, за тоа што да видат и прават, кои места да ги посетат за сместување, пазарување и храна, притоа покривајќи го јужниот регион на Косово и Тетово, заедно со целиот Полог во Македонија. Приемот кој посетителите ќе го имаат во STIC-овите ќе придонесе кон целокупното искуство, и честопати ќе ја формира перцепцијата за посетените градови, за Шара и за прекуграничниот период како целина.

- Активност 1.2 - Креирање на оптимизирани, генерички бизнис процеси кои можат да се инсталираат на кој било TIC, независно од неговата локација или контекст - кој овозможува услуга за туристите, а во истовреме и задницско прибирање информации

Оптимизираните бизнис процеси работат преку автоматизирани инфо дескови (AIDs) или човечка интеракција, на пр. вработен во STIC - турист. Од една страна тие им обезбедуваат информации на клиентите (туристите), а од друга овозможуваат собирање податоци поврзани со нивните преференции и барања. Информации за туристичките услуги се обезбедуваат преку STIC платформата, а во исто време системот се храни со нови податоци.





### Кластер на активности 2: Дизајнирање стандардизирани бизнис процеси - и тренинг програми - за подобро разбирање и услуга на туристите

- Активност 2.1 - Креирање на STIC платформа како самостојна апликација која ги користи ново-креираните бизнис процеси за собирање податоци за преференциите на туристите, а во исто време ги услужува согласно барањата

STIC-от обезбедувадва начини на услуги: прекучовечкатаинтеракција, создавање кадар во STIC-от обучен да одговори на барањата/собирањето податоци преку генеричките бизнис процеси; и преку електронски средства за комуникација, во најосновна форма, преку автоматски инфо деск (AID) - компјутер со екран на допир (touch screen) со интуитивен графички интерфејс кој овозможува самоуслужување.

- Активност 2.2 - Автоматски инфо деск (AID) хардверска платформа инсталирана во STIC-овите

Автоматскиот инфо деск (AID) е место за самоуслужување на туристите кое е едноставно за користење. Дополнително, секој STIC е опремен и со работна станица, која се користи од вработените за истата намена - за информирање на туристите.

- Активност 2.3 - Специјализиран семинар за туристички услуги група од 4 ментори - јавни службеници, можат да ги обучуваат нововработените во STIC-овите, или вработените во другите општини во прекуграничниот регион.

Менторите кои имаат пошироко образование и вештини од областа на психологијата и маркетингот во социјалните медиуми, подобро ги разбираат преференциите на туристите и се способни да дизајнираат подобри маркетиншки стратегии каде целна група се туристите.

- Активност 2.4 - Тренинг програм за услуги за туристи, за јавните службеници вработени во STIC-овите.

Тренинг програмата за вработените во STIC-овите, обезбедува обука за: усвојување нови, генерички бизнис процеси во секојдневната работа, услуги за туристите, собирање податоци од туристите, користењето на STIC платформата, местата од интерес во прекуграничнот регион, психологијата на услуга на клиентите.

**Кластер на активности 3: Дигитално мапирање на инфраструктура и настани поврзани со руралниот туризам во прекуграничниот регион на Шара.**

- Активност 3.1 - Мпирање на потенцијалите - инфраструктура и настани / Креирање на дигитална матрица - обезбедување податоци за сите видови места од интерес и настани: патеки, културно наследство, сместување, ресторани, фестивали, концерти, традиционални настани, итн.

Матрицата содржи мета податоци за социјалните, културните, економските и влијанијата од опкружувањето врз сите потенцијали во прекуграничниот регион. Нус-производот од матрицата е систем кој овозможува одредени вредности да се препознаат како потенцијал, што може да варира со време и да го рефлектира вистинското значење, врз основа на дискретен инпут од клиентите, како што се мислења, оценки итн.

Како таква, матрицата е алатка за управување, одржливо менаџирање на дестинации, систем за мониторинг, кој овозможува собирање податоци заради следење на карактеристиките на секоја точка од интерес - и како целина - во одредено време, и конечно кориснаалатка за информирање за креаторите на политиките, претпријатијата од областа на туризмот и другите чинители.

Има визуелен приказ и овозможува комбинирање на различни поставки на податоци, во зависност од контекстот на користење.



**Кластер на активности 4: Креирање промотивни материјали за промовирање на проектните активности и резултати**

Покрај брошура, проектот опфаќа и други промотивни алатки и материјали како банери, разгледници, туристички мапи, УСБ-а со gpx материјали, блогови, фото презентации, како и маркетинг на социјални медиуми.

Проектните партнери ги користат и сопствените алатки за информирање (веб страни, facebook, електронски весници) за редовна споделување информации поврзани со активноста. Дополнително, покрај промотивни материјали, и самите STIC-ови претставуваат најзначаен инструмент за интеракција со чинителите и крајните корисници, како и настаните и состаноците организирани со нив, во рамки на проектот.

**Кластер на активности 5: Заеднички прекугранични настани за споделување и промоција на резултатите од активноста**

- Активност 5.1 - Финална конференција - да се информира јавноста за проектните резултати, влијанијата и идните активности

Целната група вклучува МСП и научно - истражувачки институции, креатори на политики и носители на одлуки, кластери, експерти од двете земји. Настанот опфаќа и дистрибуција а промотивни материјали произведени во рамки на проектот.

- Активност 5.2 - Консултативни состаноци - да се поттикне активно учество на клучните чинители од регионот во проектот FRET-STIC

Четирите консултативни средби со чинителите кои се организираат за времетраењето на проектот имаат за цел да се споделат планираните активности и резултати од проектот FRET-STIC, синергијата со другите проекти во регионот, планираните идни активности, а особено да се добие фидбек од учесниците.






## ПАРТНЕРИ

**ЦеПроСАРД** е граѓанска организација воспоставено во 2008 година со главен фокус на делување во заштитата на животната средина и одржливиот развој. Нашиот тим на професионалци од областа на животната средина, земјоделството, техничките науки и економијата го поседува потребното знаење и искуство за спроведување на најсложени и комплексни задачи задачи во овие области. Во изминатите десет години интензивно работевме на развој и имплеметација на проекти на локално, национално и меѓународно ниво, во тесна соработка со клучните чинители во земјата и странство.

**RDA South** е една од петте регионални развојни агенции во Косововоспоставена кон крајот на 2008 годиназа да ја координира соработката помеѓу различни регионални чинители, со цел забрзан социо-економски и регионален развој на јужниот регион. RDA South ги опфаќа општините Призрен, Драгаш, Сува Река, Мамуша, Малишево и Раховац. Визијата на агенцијата е „Економски регион Југ како област каде стратешки планираниот одржлив развој, соработката и успешните партнерства,водат кон подобрена конкурентност на економијата, базирана на предностите на регионот и опкружувањето кое е поволно за инвестиции".

**Општина Тетово како најголема општина во Полошкиот плански регион, опфаќа 20 населби од кои најголем дел се рурални. Лоцирана е во централниот, плоден и густо населен Полошки басен и соседните планински височини на западниот живописен регион на Шара. Градот Тетово и регионот се населени од неколку етнички заедници и имаат** значајно, историски признаено, економско и стратешко значење. Регионот е препознаен по разновидноста на извонредни природни убавини, културни знаменитости и традиции. Стратешките цели на општината вклучуваат подобрена бизнис клима, поддршка на развојот на руралниот туризам, заштита на животната средина, подобрена рурална инфраструктура, како и зајакната свест и пристап до информации во руралните средини, преку вмрежување и заедночка акција на релевантните чинители.



Овој проект се заснова на пристап иницирав и промовиран од Центарот за развој на Полошкиот плански регион (ЦРППР) и е во синергија со голем број други комплементарни активности иницирани од Центарот. Полошкиот плански регион опфаќа осум општини (вклучително и Општина Тетово) во македонскиот дел на прекуграничниот регион на Шара, што дополнително придонесува за значењето на проектот во оваа област.

**Времетраење на проектот:**
16 мај 2018 - 15 мај 2020 (24 месеци)



Проект имплементиран од: